РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Byroja e zhvillimit të arsimit
Бр./Nr. 08-1088/1
19.10.2020 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

До
Директорот на

Почитувани,

Согласно законските одреби секое училиште треба да го води процесот на оценување на постигањата и напредувањето на учениците и да даде повратна информација до родителите/старателите за успехот на учениците.

Со оглед на тоа што наставата оваа учебна година започна на 1 октомври, препораката од Бирото за развој на образованието и Државниот просветен инспекторат е првите сумарни оценки од страна на наставниците за секој ученик да бидат изведени до 20 ноември.

Имајќи предвид дека наставата се одвива од далечина, Бирото за развој на образованието изработи на почетокот на оваа учебна година *Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на настава преку учење на далечина* (02-956/1 од 22.09.2020), како и *Упатство за наставниците за начинот на оценување на учениците во периодот на реализација на настава преку далечинско учење, одосно учење од дома* (12-4217/1 од 30.03.2020) на крајот на минатата учебна година. Двете упатства се достапни на веб страницата на Бирото за развој на образованието (www.bro.gov.mk).

Вреднувањето на постигањата/напредувањето на учениците при настава на далечина треба да се усогласи со целите, односно резултатите од учењето според скратените наставни програми за 159 дена што се реализираат во учебната 2020/21 година. Исто така, треба да се запазат видовите на оценување (формативно, сумативно), изборот на наставните методи и техниките за оценување, инструментите за оценување соодветни за настава на далечина, односно расположливите онлајн алатки за оценување на учениците.

Поради влошувањето на епидемиолошката состојба, а со цел заштита на здравјето на учениците и наставниците, препорауваме следењето и оценувањето на учениците да се одвива од далечина, преку платформата на којашто наставниците ја изведуваат наставата.

Наставниците коишто од различни причини не можат да утврдат оценка кај одредени ученици (ученици што немаат услови за следење онлајн настава или пак, имаат други причини) можат да организираат индивидуални консултативни средби со истите, во насока на следење на постигнувањата и утврдување оценка.

При тоа, наставникот, во интерес на учениците, треба да ги избере најсоодветните методи и инструменти на следење и оценување на постигањата на учениците и давање навремена повратна информација и на учениците и на родителите/старателите.

Министерство за образование и наука - Биро за развој на образованието
Ministria e Arsimit dhe Shkencës - Byroja e zhvillimit të arsimit
Ministry of Education and Science – Bureau for development of education

Нагласуваме дека при оценувањето секој наставник треба да направи прилагодување на формативното и сумативното оценување на новата ситуација и во наставата и оценувањето од далечина **акцент треба да се стави на она што е важно,** а не она што се споредни детали или факти.

Доколку имате потреба од допоплнителни прашања и консултации во врска со оценувањето контактирајте ги одговорните советници од Бирото за развој на образованието одредени за вашето училиште.

Митко Чешларов,
раководител на сектор

Со почит,
Зекирија Хасипи,
в.д. директор

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Republic of North Macedonia

Ул. „Руѓер Бошковиќ“ бр. 20, Скопје
St. “Rugjer Boshkovikj” nr. 20, Skopje

+389 2 3064 131
www.bro.gov.mk